НАЦРТ

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 20 став 1 алинеја 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија” бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), член 9 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Македонија” бр.13/06, 86/08, 6/10, 42/14), како и член 15 став 1 алинеја 19 и член 39 став 1 алинеја 15 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, и член 7 став 3 од Упатството за начинот и постапката за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, а согласно Заклучокот бр.02-2692/7 од 06.04.2015 година, на својата 15-та седница одржана на 06.04.2015 година, ја донесе следната:

# НАЦРТ-ЛИСТА
## на информации од јавен карактер

1. Информации со кои располага Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, кои се утврдени како информации од јавен карактер и кои ќе бидат достапни до барателите на информации, се следните:

1.1. Информации за работата на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги:

- заклучоци, одлуки, решенија донесени на седници на Советот на Агенцијата;
- годишни планови за вршење програмски надзор, Методологија за вршење програмски надзор;
- годишни програми за работа на Агенцијата, годишни извештаи за работа на Агенцијата за претходната година, записници од одржани седници,
- анализи, информации, иницијативи, препораки, ставови;
- информации од работењето на работни тела на Советот на Агенцијата.

1.2. Информации за работата на Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги:

- изречени мерки кон издавачи на медиуми, даватели на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или оператори на јавни електронски комуникациски мрежи кои вршат реемитување на програмски сервиси;
- издадени потврди за регистрација на програмски сервиси на оператори на јавни електронски комуникациски мрежи;
- квартални извештаи за спроведување на годишната програма за работа на Агенцијата и за превземените мерки согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за медиумите;
- информации во врска со организационата поставеност на Стручната служба на Агенцијата согласно Правилникот за внатрешна организација и работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со - Органограм на Агенцијата и Правилникот за систематизацијата на работните места во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со - Табеларен преглед на работните места и звања и Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

1.3. Информации од работата на Стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги:

- регистар на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање;
- регистар на радиодифузери;
- регистар на оператори кои реемитуваат програмски пакети;
- информации за емитуваните програмски сервиси на радиодифузерите во Република Македонија: трговските радиодифузни друштва, Јавното радиодифузно претпријатие "Македонска радио телевизија", и непрофитните радиодифузни установи;
- постапки за јавни набавки спроведени согласно Законот за јавните набавки, а предвидени во Планот за јавни набавки на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

2. Заштитени од правото за слободен пристап до информациите се сите лични податоци согласно со Законот за заштита на лични податоци, податоци од тековните финансиски активности кои се од доверлив карактер, а кои се означени со ознаката "за ограничена употреба" согласно Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и сите информации утврдени како исклучок од слободен пристап до информации согласно член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

3. Со стапувањето во сила на оваа Листа, престанува да важи Листата на информаци од јавен карактер на Советот за радиодифузија на РМ бр.02-2930/3 од 09.11.2009 година.

4. Листата на информации од јавен карактер, ќе се објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

5. Листата на информации од јавен карактер на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, стапува во сила осмиот ден по објавувањето на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Бр. ________**
**______2015 година**

**Агенција за аудио и аудовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**______________________**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**